# Финансиски извештаи и Извештај на независниот ревизор

Негорски бањи АД, Гевгелија

31 декември 2025 година

# Содржина

| | |
|---|---|
| Извештај на независниот ревизор | 1 |
| Извештај за финансиската состојба | 4 |
| Извештај за сеопфатната добивка | 5 |
| Извештај за промените во капиталот | 6 |
| Извештај за паричните текови | 7 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 8 |
| Прилози | |

# Извештај на независниот ревизор

**Грант Торнтон ДОО**
Св. Кирил и Методиј 52б-1/20
1000 Скопје
Северна Македонија
**Т** +389 (0)2 3214 700
**Ф** +389 (0)2 3214 710
**Е** Contact@mk.gt.com
Даночен број: 4030003475973

До:

**Раководството и Акционерите на Негорски бањи АД Гевгелија**

## Извештај за ревизијата на финансиските извештаи

*Мислење*
Ние извршивме ревизија на финансиски извештаи на Негроски бањи АД Гевгелија (“Друштвото”), составени од извештај за финансиската состојба на ден 31 декември 2025 година, и извештај за сеопфатната добивка, извештај за промените во капиталот и извештај за паричните текови за годината што завршува тогаш и белешките кон финансиски извештаи, вклучувајќи и информации за материјалните сметководствени политики.

Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Друштвото Негорски Бањи АД Гевгелија на ден 31 декември 2025 година, како и неговата финансиска успешност и паричните текови за годината што тогаш завршува, во согласност со сметководствените стандарди применети во Република Северна Македонија.

*Основа на мислењето*
Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија (МСР)[1]. Нашите одговорности според овие стандарди се опишани во делот *Одговорност на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи* во овој извештај. Ние сме независни од Друштвото во согласност со Меѓународниот кодекс за етика на професионални сметководители (вклучувајќи ги и меѓународните стандарди за независност) (Кодексот на ОМСЕС) на Меѓународниот одбор за стандарди за етика на сметководители кои се во примена во Република Северна Македонија заедно со етичките барања кои се релевантни за нашата ревизија на финансиски извештаи во Република Северна Македонија и ги исполнивме сите останати етички одговорности во согласност со овие барања и Кодексот на ОМСЕС кој е во примена во Република Северна Македонија. Веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мислење.

*Други информации*
Раководството е одговорно за другите информации. Другите информации се состојат од годишниот извештај за работата на Друштвото и годишна сметка изготвени од раководството во согласност со Законот за трговските друштва, но не ги вклучуваат финансиски извештаи и нашиот ревизорски извештај.

Нашето мислење за финансиски извештаи не ги покрива другите информации и ние не изразуваме каква било форма на уверување за нив, освен и во обем кој е експлицитно наведен во Извештајот за други правни и регулаторни барања.

Во врска со нашата ревизија на финансиски извештаи, наша одговорност е да ги прочитаме другите информации и притоа да разгледаме дали другите информации се материјално неконзистентни со финансиски извештаи или нашето знаење, прибавено во ревизијата, или поинаку произлегува дека се материјално погрешни. Доколку врз основа на нашата извршена работа, ние заклучиме дека има материјално погрешно прикажување во овие останати информации, од нас се бара да известиме за овој факт. Ние немаме ништо да известиме во однос на ова прашање.

[1] Меѓународни стандарди за ревизија („МСР“) преведени и објавени во Службен весник на  Република Северна Макеоднија бр.273 од 2024, на сила од 1 јануари 2025

Грант Торнтон ДОО е фирма членка на Grant Thornton International Ltd (GTIL). GTIL и фирмите членки не се во партнерство на светско ниво. GTIL и секоја фирма членка на GTIL претставува посебен правен субјект. Услугите се обезбедуваат од страна на самите фирми членки. GTIL не обезбедува услуги на клиентите. GTIL и нејзините фирми членки не се агенти на, и не се обврзани едни кон други и не се одговорни за делата или пропустите на други фирми членки.

*Одговорност на Раководството и оние кои се задолжени за финансиските извештаи*
Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди применети во Република Северна Македонија за таква внатрешна контрола каква што Раководството утврдува дека е неопходна за да се овозможи подготовка на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, било да е резултат на измама или грешка.

При подготовката на финансиските извештаи, Раководството е одговорно за проценката на способноста на Друштвото да продолжи под претпоставката за континуитет, обелоденувајќи, кога е применливо, прашања поврзани со континуитетот и користење на сметководствената основа на континуитет, освен ако Раководството или има намера да ја ликвидира Друштвото или да го прекине работењето или нема друга реална алтернатива освен да го стори тоа.

Оние кои се задолжени за управувањето се одговорни за надгледување на процесот на финансиско известување на Друштвото.

*Одговорност на ревизорот за ревизија на финансиските извештаи*
Нашите цели се да стекнеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи како целина се ослободени од материјално погрешно прикажување, било како резултат на измама или грешка, и да издадеме ревизорски извештај кој го вклучува нашето мислење. Разумно уверување е високо ниво на уверување, но не е гаранција дека ревизијата спроведена во согласност со МСР секогаш ќе открие материјално погрешно прикажување кога тоа постои. Погрешните прикажувања може да произлезат од измама или грешка и се сметаат за материјални ако, поединечно или во вкупен износ, од нив може разумно да се очекува да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Како дел од ревизијата во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија (МСР)[2], ние применуваме професионално судење и одржуваме професионален скептицизам во текот на целата ревизија. Ние исто така:

- Ги идентификуваме и проценуваме ризиците од материјално погрешно прикажување во финансиски извештаи, без разлика дали се резултат на измама или грешка, дизајнираме и извршуваме ревизорски процедури кои одговараат на тие ризици и прибавуваме ревизорски докази кои се достатни и соодветни да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Ризикот од неоткривање на материјално погрешно прикажување како резултат на измама е повисок од ризикот како резултат на грешка, поради тоа што измамата може да вклучи заговор, фалсификување, намерни пропусти, лажни прикажувања или заобиколување на внатрешните контроли.

- Стекнуваме разбирање за внатрешните контроли кои се значајни за ревизијата со цел да дизајнираме ревизорски процедури соодветни на околностите, но не и со цел за изразување мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Друштвото.

- Ја оценуваме соодветноста на користените сметководствени политики и разумноста на сметководствените процени и поврзаните обелоденувања направени од страна на Раководството.

- Донесуваме заклучок за соодветноста на примената на претпоставката за континуитет како сметководствена основа од страна на Раководството, и врз основа на прибавените ревизорски докази дали постои материјална неизвесност поврзана со настани или услови кои можат да предизвикаат значителен сомнеж во можноста на Друштвото да продолжи да работи под претпоставката на континуитет. Доколку заклучиме дека постои материјална неизвесност, тогаш е потребно да обрнеме внимание во нашиот ревизорски извештај на поврзаните обелоденувања во финансиски извештаи или доколку таквите обелоденувања се несоодветни, да го модификуваме нашето мислење. Нашите заклучоци се засновани на ревизорските докази прибавени до датумот на нашето ревизорско мислење. Меѓутоа, идни настани или услови може да предизвикаат Друштвото да престане да работи според претпоставката на континуитет.

- Ја оценуваме севкупната презентација, структура и содржина на финансиски извештаи, вклучувајќи ги обелоденувањата и дали финансиски извештаи ги претставуваат основните трансакции и настани на начин кој постигнува објективна презентација.

Комуницираме со оние кои се задолжени за управувањето, меѓу другото, и за планираниот обем и временскиот распоред на ревизијата и за значајните наоди од ревизијата, вклучувајќи ги евентуалните значајни недостатоци во внатрешната контрола што ги идентификуваме во текот на ревизијата.

---

[2] Меѓународни стандарди за ревизија („МСР“) преведени и објавени во Службен весник на Република Северна Макеоднија бр.273 од 2024, на сила од 1 Јануари 2025

**Извештај за други правни и регулаторни барања**

Како што е наведено во пасусот Други информации Раководството на Друштвото е одговорно за изготвување на годишен извештај за работењето на Друштвото за 2025 година во согласност со член 384/240 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност е да изразиме мислење за конзистентноста на годишен извештај, со историските финансиски информации објавени во годишна сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2025, во согласност со меѓународните стандарди за ревизија[3], како и во согласност со барањата на член 34, став 1, точка (д) од Законот за Ревизија.

Според наше мислење, историските финансиски информации објавени во Годишен извештај за работењето на Друштвото за годината која завршува на 31 декември 2025, се конзистентни, во сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2025 година.

Маја Атанасовска
Директор
Грант Торнтон ДОО, Скопје

Маја Атанасовска
Овластен Ревизор

Скопје, 20 април 2026

[3] Меѓународни стандарди за ревизија („МСР") преведени и објавени во Службен весник на Република Северна Македонија број 273 од 2024 година, кои стапија на сила на 01 јануари 2025 година.

Грант Торнтон ДОО е фирма членка на Grant Thornton International Ltd (GTIL). GTIL и фирмите членки не се во партнерство на светско ниво. GTIL и секоја фирма членка на GTIL претставува посебен правен субјект. Услугите се обезбедуваат од страна на самите фирми членки. GTIL не обезбедува услуги на клиентите. GTIL и нејзините фирми членки не се агенти на, и не се обврзани едни кон други и не се одговорни за делата или пропустите на други фирми членкиs.

# Извештај за финансиската состојба

| | Бел. | 31 декември 2025 000 мкд | 31 декември 2024 000 мкд |
|---|---|---|---|
| **Средства** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 5 | 145,427 | 130,060 |
| Нематеријални средства | 6 | - | - |
| | | **145,427** | **130,060** |
| **Тековни средства** | | | |
| Финансиски побарувања | 8 | 147 | 360 |
| Залихи | 9 | 1,071 | 1,163 |
| Побарувања од купувачи и останати побарувања | 10 | 21,015 | 17,047 |
| Парични средства и еквиваленти | 11 | 7,811 | 4,717 |
| | | **30,044** | **23,287** |
| **Вкупно средства** | | **175,471** | **153,347** |
| | | | |
| **Капитал и обврски** | | | |
| **Капитал** | | | |
| Акционерски капитал | 12 | 61,293 | 61,293 |
| Резерви | | 44,193 | 44,193 |
| Акумулирани добивки | | 47,265 | 37,366 |
| **Вкупно капитал** | | **152,751** | **142,852** |
| | | | |
| **Обврски** | | | |
| **Долгорочни обврски** | | | |
| Позајмици | 13 | 15,928 | 2,000 |
| | | **15,928** | **2,000** |
| **Краткорочни обврски** | | | |
| Позајмици | 13 | 2,229 | 2,707 |
| Обврски кон добавувачи и останати обврски | 14 | 4,563 | 5,788 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **6,792** | **8,495** |
| **Вкупно обврски** | | **22,720** | **10,495** |
| **Вкупно обврски и капитал** | | **175,471** | **153,347** |

Овие финансиски извештаи се одобрени од Одборот на Директори на Друштвото на ден 06 март 2026 година и се потпишани во негово име од:

Г-дин Димитар Јаневски,
Извршен член на Одбор на директори

Г-ѓа Снежана Ангова,
Раководител на финансии

# Извештај за сеопфатната добивка

| | Бел. | Година што завршува на 31 декември 2025 000 мкд | 31 декември 2024 000 мкд |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 15 | 131,256 | 121,112 |
| Останати приходи | 16 | 634 | 438 |
| Набавна вредност на продадени стоки | | (4,291) | (4,203) |
| Потрошени материјали | 17 | (36,459) | (35,871) |
| Услуги од надворешни добавувачи | 18 | (3,570) | (3,549) |
| Трошоци за вработени | 19 | (55,826) | (54,641) |
| Депрецијација и амортизација | 5,6 | (10,206) | (10,287) |
| Останати деловни трошоци | 20 | (10,980) | (8,517) |
| **Добивка од оперативно работење** | | **10,558** | **4,482** |
| Финансиски приходи | 21 | - | 10 |
| Финансиски (расходи) | 21 | (659) | (1) |
| Нето финансиски (расходи) | | (659) | (9) |
| **Добивка пред оданочување** | | **9,899** | **4,491** |
| Данок на добивка | 22 | - | - |
| **Добивка за годината** | | **9,899** | **4,491** |
| Останата сеопфатна добивка за годината: | | - | - |
| **Вкупна сеопфатна добивка  за годината** | | **9,899** | **4,491** |
| Добивка за годината расположлива за сопствениците | | 9,899 | 4,491 |
| **Вкупна сеопфатна добивка за годината расположлива за сопствениците** | | **9,899** | **4,491** |
| **Добивка по акција (Денари по акција)** | 23 | **99** | **45** |

# Извештај за промените во капиталот

| | Акционерски капитал | Резерви | Акумулирани добивки | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | 000 мкд | 000 мкд | 000 мкд | 000 мкд |
| **На 01 јануари 2025 година** | **61,293** | **44,193** | **37,366** | **142,852** |
| *Трансакции со сопствениците* | - | - | - | - |
| Добивка за годината | - | - | 9,899 | 9,899 |
| Останата сеопфатна добивка | - | - | - | - |
| *Вк. сеопфатна загуба или добивка* | - | - | *9,899* | *9,899* |
| **На 31 декември 2025 година** | **61,293** | **44,193** | **47,265** | **152,751** |
| **На 01 јануари 2024 година** | **61,293** | **44,193** | **32,875** | **138,361** |
| *Трансакции со сопствениците* | - | - | - | - |
| (Загуба) за годината | - | - | 4,491 | 4,491 |
| Останата сеопфатна добивка | - | - | - | - |
| *Вк. сеопфатна загуба или добивка* | - | - | *4,491* | *4,491* |
| **На 31 декември 2024 година** | **61,293** | **44,193** | **37,366** | **142,852** |

# Извештај за паричните текови

| | Бел. | Година што завршува на 31 декември 2025 000 мкд | 31 декември 2024 000 мкд |
|---|---|---|---|
| **Деловни активности** | | | |
| Приливи од купувачи | | 127,922 | 119,842 |
| Исплати на добавувачи и вработени | | (112,264) | (104,690) |
| | | **15,658** | **15,152** |
| Платена камата | | (654) | (1) |
| | | **15,004** | **15,151** |
| **Инвестициони активности** | | | |
| Набавка на недвижности, постројки и опрема | | (25,573) | (16,019) |
| Одлив за депозити | | 213 | 25 |
| Прилив од камати | | - | 10 |
| | | **(25,360)** | **(15,984)** |
| **Финансиски активности** | | | |
| Приливи од позајмици | | 19,600 | 2,500 |
| (Одливи) за позајмици | | (6,150) | (4,593) |
| | | **13,450** | **(2,093)** |
| **Нето промена на парични средства и еквиваленти** | | **3,094** | **(2,926)** |
| Парични средства и еквиваленти на почетокот | | 4,717 | 7,643 |
| **Парични средства и еквиваленти на крајот** | 11 | **7,811** | **4,717** |

# Белешки кон финансиските извештаи

## 1 Општи информации

Здравствена установа - Природно лекувалиште Негорски бањи АД (“Друштвото”) е Акционерско Друштво основано во Република Северна Македонија. Адресата на неговото регистрирано седиште е: Ул. Маршал Тито, ББ с.Негорци, 1480 Гевгелија, Република Северна Македонија.

Друштвото е основано во текот на 1954 година како Јавна Здравствена Установа – ЈЗО Природно лекувалиште Негорски бањи АД.Друштвото е трансформирано во Здравствена установа - Природно лекувалиште Негорски бањи АД со Одлука за трансформација бр.02-654/2 од 04.12.2004 година, Решение за согласност за отпочнување на постапка за трансформација бр.15-557/2 од 09.05.2005 година.

Основна дејност на Друштвото е болничка дејност и природно лекување.

Друштвото поседува Дозвола за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот “Негорски Бањи” с, Негорци, Гевгелија издадена од Министерство на економија на Република Северна Македонија од 18 јуни 2014 година.

Друштвото има склучено Договор за концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот “Негорски Бањи” с, Негорци, Гевгелија со Влада на Република Северна Македонија на 13 ноември 2014 година. Важноста на концесијата е до 23 мај 2042 година, со можност за продолжување на рокот.

Друштвото има Дозвола за користење на подземна термоминерална вода и употреба на објектот со придружните објекти на локалитетот „Негорски бањи“ Вардарско сливно подрачје издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија издадено на 24 февруари 2022 година со рок на важност од 20 години односно до 23 мај 2042 година.

Друштвото склучува годишни договори за пружање и плаќање на здравствени услуги во специјалистичко-консултативна здравствена заштита со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија (ФЗОРСМ), како и годишни договори за извршување и плаќање на здравствени услуги од областа на специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија (ФЗОРСМ).

Со состојба на датумот на овие финансиски извештаи Друштвото вработува 94 лица (2024: 92 лица).

## 2 Сметководствени политики

Во продолжение се прикажани основните сметководствени политики употребени при подготовката на овие финансиски извештаи. Овие политики се конзистентно применети на сите прикажани години, освен доколку не е поинаку наведено.

## 2.1 Основа за подготовка

Овие финансиски извештаи се подготвени во согласност со Законот за трговски друштва (објавен во „Службен весник“ бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 6/2016, 30/2016, 61/2016, 88/2017, 192/2017, 64/2018, 120/2018, 290/2020, 215/2021, 99/2022, 272/2024 и 191/2025) и Правилникот за сметководство објавен во „Службен весник“ бр. 75/2024 (Правилник), со кој се објавени Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ, издание 2023). Овој Правилник ги опфаќа МСФИ – IFRS 1 до IFRS 17, Меѓународните сметководствени стандарди (МСС) – IAS 1 до IAS 41, толкувањата на IFRIC – IFRIC 1 до IFRIC 23 и толкувањата на Постојаниот комитет за толкувања (SIC) – SIC 7 до SIC 32.

Горенаведените стандарди, измени и толкувања (IFRS, IFRIC и SIC) стапуваат во сила во Република Северна Македонија од 1 јануари 2025 година, освен IFRS 17 кој ќе стапи во сила од 1 јануари 2028 година. Со измената на Правилникот објавена во „Службен весник“ бр. 274/2024, IFRS 9 стапува во сила во Република Северна Македонија од 1 јануари 2028 година, а согласно упатствата на Советот за унапредување и надзор на сметководствената професија на Република Северна Македонија, IAS 39 објавен во „Службен весник“ бр. 159/2009 останува применлив сметководствен стандард за финансиски инструменти до тој датум.

Друштвото ги има применето сите релевантни стандарди, измени и толкувања објавени во „Службен весник“ бр. 75/2024 и бр. 274/2024. Бидејќи IFRS 9 и IFRS 17 не се применливи за периоди кои започнуваат на или по 1 јануари 2025 година, финансиските извештаи на Друштвото се подготвени во согласност со сметководствените прописи применливи во Република Северна Македонија, како што е објавено во Правилникот и објаснето погоре. Како последица, IFRS 1 не е применлив, а Друштвото ги има применето специфичните преодни одредби за сите стандарди кои се во сила, како што е понатаму објаснето во текстот.

Финансиските извештаи се подготвени според концептот на историска вредност освен за финансиските средства расположливи за продажба, и финансиските средства и обврски (вклучувајќи и деривативни инструменти), доколку постојат, кои се мерат по објективната вредност преку добивки или загуби. Основите за мерење на секој поединечен вид на средство, обврска, приход и расход се детално опишани во продолжение на оваа Белешка.

Подготовката на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени и објавени во Република Северна Македонија бара употреба на одредени критични сметководствени проценки. Таа исто така бара Раководството на Друштвото да употребува свои проценки во процесот на примена на сметководствените политики. Подрачјата што вклучуваат повисок степен на проценка или комплексност, или подрачјата во кои претпоставките и проценките се значајни за финансиските извештаи, се обелоденети во Белешка 4: Значајни сметководствени проценки.

Финансиски извештаи се подготвени со состојба на и за годините што завршуваат на 31 декември 2025 и 2024 година. Друштвото ја води сметководствената евиденција и ги подготвува законските финансиски извештаи во локална валута - Македонски Денар (МКД или Денар), која претставува функционална и презентациска валута на Друштвото. Тековните и споредбените податоци прикажани во овие финансиски извештаи се изразени во илјади денари. Онаму каде што е неопходно, презентацијата на споредбените податоци е прилагодена согласно промените во презентацијата во тековната година.

### 2.1.1. Претпоставка за неограничен континуитет

Овие финансиски извештаи се подготвени врз основа на претпоставката за неограничен континуитет во деловните активности на Друштвото, која подразбира дека Друштвото ќе биде во состојба редовно и во целост да ги подмирува своите обврски преку реализација на средствата во редовниот тек на своето работење. Раководството смета дека примената на претпоставката за неограничен континуитет при подготовката на овие финансиски извештаи е соодветна во околностите.

Претпоставка за неограчен континуитет (продолжува)

Како што е објавено во Белешка 12 кон овие финансиски извештаи, согласно Решение за привремена мерка од Основен Кривичен Суд Скопје од 18 ноември 2020 година, согласно акционерската книга на Друштвото, врз 94.80% од вкупниот акционерски капитал на Друштвото, врз основа на Решенија за привремена мерка на Основниот Кривичен Суд Скопје, определена е времена мерка – ограничување за отуѓување или располагање со хартиите од вредност, како и ограниченото дејство кое се однесува на: нетрговски пренос од и на сметка, право на дивиденда, продавање, оптоварување, нетрговски пренос на сметка, купување, располагање.

### 2.1.2 Нови стандарди и интерпретации кои се уште не се применети

*а) Нови стандарди и толкувања усвоени на 01 јануари 2025*

Како што е наведено во Белешка 2.1, Правилникот за начинот на водење на сметководствени евиденции беше објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 75/2024, а измена на Правилникот беше објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 274/2024, со кој беа објавени Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ, издание 2023) со почетна примена од 01 јануари 2025 година, освен IFRS 17 – Договори за осигурување и IFRS 9 – Финансиски инструменти, кои ќе стапат во сила во Република Северна Македонија од 01 јануари 2028 година.

Овие стандарди немаат ефекти или влијание врз финансиските извештаи на Друштвото.

*б) Стандарди, измени и толкувања кои се издадени, но сѐ уште не се во сила и не се предвремено усвоени од страна на Друштвото*

Како што е наведено во Белешка 2.1, согласно измената на Сметководствениот правилник („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 274/2024), IFRS 17 – Договори за осигурување и IFRS 9 – Финансиски инструменти ќе стапат во сила во Република Северна Македонија од 1 јануари 2028 година.

Раководството предвидува дека сите релевантни одредби ќе бидат усвоени за првиот период кој започнува на или по датумот на нивната примена. Новите стандарди, измени и толкувања кои не се усвоени во тековната година не се очекува да имаат материјално влијание врз финансиски извештаи на Друштвото.

### 2.2 Трансакции во странска валута

Трансакциите деноминирани во странски валути се искажани во Денари со примена на официјалниот среден курс на Народна Банка на Република Северна Македонија кој важи на денот на настанувањето на трансакцијата.

Средствата и обврските кои гласат во странски валути се искажани во илјади Денари со примена на официјалните курсеви кои важат на денот на составувањето на Извештај за финансиската состојба, додека пак сите позитивни и негативни курсни разлики кои произлегуваат од претворањето на износите во странска валута, се вклучени во добивките или загубите во периодот кога тие настануваат. Средните девизни курсеви кои беа применети за прикажување на позициите на Извештај за финансиската состојба деноминирани во странска валута, се следните:

| | 31 декември 2025 | 31 декември 2024 |
|---|---|---|
| 1 ЕУР | 61.495 денари | 61.495 денари |

### 2.3 Недвижности, постројки и опрема

Недвижностите, постројките и опремата се евидентираат по набавна вредност намалена за акумулираната амортизација, освен за градежните објекти кои на датумот на премин кон МСФИ за МСЕ се мерат според објективна вредност (како збир од набавна вредност и ефект од проценка на капиталот во процес на приватизација) како проценета набавна вредност. Набавната вредност вклучува трошоци кои директно се однесуваат на набавката на средствата.

Последователните набавки се вклучени во евидентираната вредност на средството или се признаваат како посебно средство, соодветно, само кога постои веројатност од прилив на идни економски користи за Друштвото поврзани со ставката и кога набавната вредност на ставката може разумно да се измери.

Недвижности, постројки и опрема (продолжува)
Сите други редовни одржувања и поправки се евидентираат како расходи во извештајот за сеопфатна добивка во текот на периодот во кој се јавуваат.

Не се пресметува амортизација на земјиштето, инвестициите во тек, како и на материјалните средства ставени надвор од употреба. Амортизацијата на останатите ставки на недвижностите и опремата се пресметува правопропорционално, со цел, да се распредели вредност до нивните резидуални вредности низ проценетиот век на употреба, како што следи:

| | |
|---|---|
| Градежни објекти | 10 - 40 години |
| Транспортни средства | 5 години |
| Останата опрема | 4 - 10 години |

Резидуалните вредности на средствата и проценетиот век на употреба се прегледуваат, и доколку е потребно се коригираат, на секој датум на известување. Кога евидентираниот износ на средството е повисок од неговиот проценет надоместлив износ, тој веднаш се отпишува до неговиот надоместлив износ.

Приходите или расходите поврзани со отуѓувања се одредуваат по пат на споредба на приливите со евидентираниот износ. Разликите се вклучени во извештај за сеопфатна добивка во периодот кога настануваат.

## 2.4 Нематеријални средства

Нематеријалните средства стекнати од страна на Друштвото, со ограничен век на употреба, се евидентирани според нивната набавна вредност намалена за акумулирана амортизација и загуби од обезвреднување, доколку постојат.

Последователните набавки се капитализираат само кога постои веројатност од прилив на идни економски користи за Друштвото поврзани со ставката и кога набавната вредност на ставката може разумно да се измери. Сите останати трошоци се признаваат во добивки или загуби во периодот кога настануваат.

Амортизацијата на нематеријалните средства се пресметува правопропорционално во период од пет години. Резидуалните вредности на нематеријалните средства и проценетиот век на употреба се прегледуваат на секој датум на известување.

## 2.5 Обезвреднување на нефинансиските средства

Недвижностите, постројките и опремата, како и нематеријалните средства со дефиниран век на употреба се проверуваат од можни оштетувања секогаш кога одредени настани или промени укажуваат дека евидентираниот износ на средствата не може да се надомести. Секогаш кога евидентираниот износ на средствата го надминува нивниот надоместлив износ, се признава загуба од обезвреднување.

Надоместливиот износ претставува повисокиот износ помеѓу нето продажната цена и употребната вредност на средствата. Нето продажната цена е износ кој се добива од продажба на средство во трансакција помеѓу добро известени субјекти, додека употребената вредност е сегашната вредност на проценетите идни готовински приливи што се очекува да произлезат од континуираната употреба на средствата и од нивното отуѓување на крајот од употребниот век. Надоместливите износи се проценуваат за посебни средства или, ако е тоа неможно, за целата група на средства која генерира готовина.

## 2.6 Финансиски инструменти

### Финансиски средства

**Побарувања од купувачи, дадени позајмици и останати побарувања**

Побарувањата од купувачи иницијално се признаваат по нивната објективна вредност и последователно се измерени според нивната амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка, нето од резервирањето поради обезвреднување. Резервирање поради обезвреднување се пресметува кога постои објективен доказ дека Друштвото нема да може да ги наплати сите побарувања според нивните оригинални услови на побарувања. Значителни финансиски потешкотии на должникот, веројатноста за стечај или финансиско реорганизирање како и пролонгирање или неможност за плаќање претставуваат индикатори дека побарувањата од купувачи се оштетени.

Финансиски инструменти (продолжува)
Износот на резервирањето претставува разлика помеѓу евидентираниот износ на средството и сегашната вредност на проценетите идни парични текови дисконтирани со примена на изворната ефективна каматна стапка на финансиското средство. Средствата со краткорочно доспевање не се дисконтираат. Евидентираниот износ на средството се намалува преку употребата на сметка за резервирање поради обезвреднување, со истовремено признавање на соодветниот расход поради обезвреднување во тековниот извештај за сеопфатна добивка. Во случај на ненаплатливост на побарувањето истото се отпишува наспроти неговото резервирање. Последователната наплата на претходно отпишаните износи се признава како тековна добивка во извештајот за сеопфатна добивка.

**Парични средства и еквиваленти**
Паричните средства и еквиваленти вклучуваат готовина во благајна, депозити по видување во банки и други краткорочни високоликвидни вложувања кои доспеваат во периоди не подолги од 3 месеци.

### Финансиски обврски
**Обврски кон добавувачи и други обврски**
Обврските кон добавувачи се обврски за плаќање за стоки или услуги кои се стекнати во нормалниот тек на работењето. Обврските се евидентираат како тековни доколку плаќањето на истите се изврши во рок од една година или помалку од една година (или во временска рамка на еден оперативен циклус доколку е подолг). Доколку не го исполнуваат наведениот услов, истите се класифицираат како не-тековни обврски. Обврските кон добавувачи се евидентирани по нивната објективна вредност и последователно се измерени според нивната амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка.

## 2.7 Пребивање на финансиските инструменти
Финансиските средства и обврски се пребиваат и нето вредноста се презентира во Извештајот за финансиска состојба, кога постои законско извршно право за пребивање на признаените вредности и постои можност да се порамнат на нето основа или пак истовремено да се реализираат средствата и подмират обврските.

## 2.8 Залихи
Залихите се евидентирани по пониската помеѓу набавната вредност односно цената на чинење и нето продажната вредност. Нето продажната вредност претставува продажна вредност во секојдневниот тек на работата, намалена за трошоците за комплетирање, маркетинг и дистрибуција. Трошокот на залихите се утврдува користејќи ја ФИ-ФО методата.

## 2.9 Капитал, резерви и акумулирани добивки/загуби
*Акционерски Капитал*
Акционерскиот капитал ја претставува номиналната вредност на емитираните акции. Трошоците поврзани со емисија на нови акции, опции или стекнувањето на деловна активност се презентирани како намалување (нето од данокот) на приливите од емисијата.

*Резерви*
Резервите, кои се состојат од законски и други статутарни резерви, се создадени во текот на периодите по пат на распределба на акумулираните добивки врз основа на законска регулатива и одлуките на раководството и акционерите на Друштвото. Согласно со законската регулатива резервите може да се користат за покривање на загубите, за купување на сопствени акции и исплата на дивиденди.

*Акумулирани добивки/загуби*
Акумулираните добивки/загуби ги вклучуваат задржаните добивки/загуби од тековниот и претходните периоди.

## 2.10 Трошоци за позајмување
Трошоците за позајмици се признаени во добивки или загубите во периодот во кој настанале.

## 2.11 Данок на добивка

Данокот на добивка за известувачкиот период претставува збир на тековниот и одложениот данок на добивка.

*Тековен данок на добивка*

Основа за пресметка и плаќање на тековниот данок на добивка по стапка од 10% претставува добивката пред оданочување утврдена во Извештајот за сеопфатна добивка, коригирана за одредени помалку искажани приходи и непризнаени трошоци за даночни цели, даночниот кредит како и други даночни ослободувања. Правните субјекти можат да ги употребат даночните загуби утврдени во тековниот период било за надомест на платениот данок во рамки на одреден период за надомест или пак за намалување или елиминирање на даночната обврска за наредните периоди.

*Одложен данок на добивка*

Одложениот даночен расход се евидентира во целост, користејќи ја методата на обврска, за времените разлики кои се јавуваат помеѓу даночната основа на средствата и обврските и износите по кои истите се евидентирани за целите на финансиското известување. При утврдување на одложениот даночен расход се користат тековните важечки даночни стапки. Одложениот даночен расход се задолжува или одобрува во Извештајот за сеопфатната добивка, освен доколку се однесува на ставки кои директно го задолжуваат или одобруваат капиталот, во кој случај одложениот данок се евидентира исто така во капиталот. Одложените даночни средства се признаваат во обем во кој постои веројатност за искористување на времените разлики наспроти идната расположлива оданочива добивка.

Со состојба на 31 декември 2025 и 2024 година, Друштвото нема евидентирано одложени даночни средства или обврски, бидејќи не постојат временски разлики на овие датуми.

## 2.12 Надомести за вработените

*Придонеси за пензиско осигурување*

Друштвото има пензиски планови согласно домашната регулатива за социјално осигурување според која плаќа придонеси за пензиско осигурување на своите вработени. Придонесите, врз основа на платите, се плаќаат во првиот и вториот пензиски столб кои се одговорни за исплата на пензиите. Не постојат дополнителни обврски во врска со овие пензиски планови.

*Краткорочни користи за вработените*

Краткорочните користи за вработените се мерат на недисконтирана основа и се признаваат кога соодветната услуга ќе се добие. Друштвото признава обврска и расход за износот кој што се очекува да биде исплатен како краткорочен бонус во пари или како удел во добивката и доколку Друштвото има сегашна правна или изведена обврска да врши такви исплати како резултат на услуги дадени во минатиот период и доколку обврската може да се процени веродостојно.

*Обврски при пензионирање на вработените*

Друштвото, согласно соодветните домашни законски одредби, исплаќа на вработените посебна минимална сума при пензионирањето во износ еднаков на тримесечна просечна плата. Друштвото нема извршено резервирање за пресметан посебен минимален износ за пензионирање на вработените, бидејќи овој износ не е од материјално значење за финансиските извештаи.

## 2.13 Данок на додадена вредност

Приходите, трошоците и средствата се признаваат намалени за износот на данокот на додадена вредност, освен:

Кога данокот на додадена вредност од набавка на средства или услуги не е надоместив од даночната власт, во кој случај данокот на додадена вредност се признава како дел од трошоците за стекнување на средството или како дел од трошокот каде што е соодветно и побарувања и обврски кои се искажани со вклучен износ на данокот на додадена вредност.

Нето износот на данокот на додадена вредност кој се надоместува од, или се плаќа на даночните органи се вклучува како дел од побарувањата или обврските во извештајот за финансиската состојба.

## 2.14 Резервирања

Резервирање се признава кога Друштвото има тековна обврска како резултат на настан од минатото и постои веројатност дека ќе биде потребен одлив на средства кои вклучуваат економски користи за подмирување на обврската, а воедно ќе биде направена веродостојна проценка на износот на обврската. Резервирањата се проверуваат на секој датум на известување и се коригираат со цел да се рефлектира најдобрата тековна проценка. Кога ефектот на времената вредност на парите е материјален, износот на резервирањето претставува сегашна вредност на трошоците кои се очекува да се појават за подмирување на обврската.

## 2.15 Признавање на приходите и расходите

Приходите *Сметководствена политика од 01 јануари 2025*

Приходите се признаваат кога контролата врз стоките или услугите се пренесува на клиентот, во износ кој ја одразува противвредноста на која Друштвото очекува да има право во замена за тие стоки или услуги. Друштвото го применува петстепениот модел согласно МСФИ 15, за сите категории приходи, како што следи:

1. Идентификување на договор со купувач;
2. Идентификување на обврски за извршување;
3.Утврдување на цената на трансакцијата;
4. Распределување на цената на трансакцијата на обврските за извршување;
5. Признавање на приходи кога обврските за извршување се задоволени.

При идентификување на обврската за извршување, Друштвото треба да ги процени добрата и услугите кои се ветени во договорот со купувачот и треба да го го идентификува секое ветување кое ќе му биде пренесено на купувачот: а) добро или услуга (или збир од добра и услуги) кои се различни; или б) серија од различни добра или услуги кои се суштински исти и кои имаат ист образец на пренос до купувачот.

Приходот се признава кога или како што обврските за извршување ќе се исполнат преку пренесување на контролата на ветените стоки или услуга на купувачот. Контролата или се префрла со текот на времето или во одреден момент од времето, што влијае на тоа кога ќе се евидентира приходот.

Како практично решение, Друштвото го применува упатството на група на договори со слични карактеристики наместо на еден договор со купувач. Пристапот на портфолио е прифатлив ако Друштвото разумно очекува дека ефектот од примената на пристапот на портфолио на група договори или група на обврски за извршување материјално не би се разликувал од тоа ако секој договор или обврска за извршување се земат предвид посебно. Тоа значи дека портфолио на договор со слични карактеристики не мора да има хомогени производи вклучени во овие договори.

Договорно средство – Право на Друштвото на надомест во замена за добра или услуги кои субјектот му ги пренел на купувачот кога тоа право е условено со нешто друго освен со одминување на времето (на пример, идно извршување од страна на субјектот).

Договорна обврска – Облигација на Друштвото да му пренесе добра или услуги на купувач за кои субјектот добил надомест (или плаќањето ќе доспее дополнително) од купувачот.

Износот на признатиот приход претставува надоместот што Друштвото очекува да го прими во замена за обезбедувањето на тие стоки или услуги. Приходите ја вклучуваат фер вредноста на продажбата на стоки и обезбедувањето услуги, намалени за данок на додадена вредност (ДДВ), царински давачки, попусти и рефундации.

Основна дејност на Друштвото е болничка дејност и природно лекување. Приходите главно произлегуваат од овие активности.

### Договорни средства и договорни обврски

Доколку Друштвото ја исполни обврската за извршување пред да го прими надоместот, Друштвото признава договорно средство
Друштвото признава договорни обврски за примени надоместоци во однос на неисполнети обврски за извршување и овие износи ги прикажува како договорни обврски по примени аванси во белешката Обврски спрема добавувачи и останати обврски (Белешка 19). Договорни обврски се појавуваат при претплатени услуги и продажби на готов производ.

Признавање на приходите и расходите (продолжува)

### Приходи од продажба на производи и стоки

Приходот од продажба на производи и стоки се признава во моментот на испорака до корисникот, кога корисникот ги прифаќа стоките, а наплатливоста на поврзаните побарувања е разумно обезбедена.

### Приходи од обезбедување на услуги

Приходот од обезбедување на услуги се евидентира според степенот на завршување кога истиот може со сигурност да биде измерен. Степенот на завршување се одредува врз основа на проверка на извршената работа.

### Приходи од државни поддршки

Неусловените државни поддршки се признаваат како приход во Извештајот за сеопфатната добивка кога помошта е примена или треба да се прими. Останатите државни поддршки се признаваат иницијално како разграничени приходи кога постои разумна сигурност дека истите ќе бидат примени и кога Друштвото ќе ги исполни условите поврзани со давањето на поддршката. Поддршките кои ги надоместуваат настанатите трошоци се признаваат во Извештајот за сеопфатната добивка на систематска основа во истите периоди во кои се признати трошоците. Поддршките кои ја надоместуваат набавната вредност на средствата се признаваат во Извештајот за сеопфатната добивка на систематска основа во текот на употребниот период на средството.

### Финансиски приходи и трошоци

Финансиските приходи се признаваат на временска основа која го одразува ефективниот принос на средствата. Финансиските трошоци се состојат од трошоци за камата на обврските по позајмици и трошоци за камата на задоцнети плаќања. Трошоците за позајмици кои не се директно поврзани со стекнување, изградба или производство на квалификувани средства, се признаваат во добивки или загуби со користење на методот на ефективна камата.

### Приходи од дивиденди

Приходот од дивиденди се признава кога ќе се обезбеди правото за примање на исплата.

### Расходи од деловното работење

Расходите од деловното работење се признаваат во моментот на искористувањето на услугите односно во периодот на нивното настанување.

### Пребивање на приходите и расходите

Во текот на своето редовно работење, Друштвото учествува во други трансакции кои не генерираат приходи, туку се инцидентни во однос на главните активности кои генерираат приходи. Друштвото ги презентира резултатите од таквите трансакции преку пребивање на секој приход со соодветните расходи кои произлегуваат од истата трансакција, кога ова презентирање ја одразува суштината на трансакциите или настаните.

### Сметководствена политика до 31 декември 2024

Приходите се состојат од приходи од продадени производи и трговски стоки и извршени услуги. Приходите се мерат според објективната вредност на примениот надомест, односно надоместот што треба да се прими за продадените производи и трговски стоки и обезбедените услуги, нето од данокот на додадена вредност и евентуално одобрените продажни попусти.

Приходите се признаваат кога износот на приходот може веродостојно да се измери, постои веројатност за прилив на идни економски користи поврзани со трансакцијата, настанатите трошоци или трошоците кои ќе настанат можат веродостојно да се измерат и кога критериумите за признавање на секоја поодделна категорија на приходи се задоволени. Приходите се признаени како што следи:

### Приходи од продажба на производи и стоки

Приходот од продажба на производи и стоки се признава во моментот на испорака до корисникот, кога корисникот ги прифаќа стоките, а наплатливоста на поврзаните побарувања е разумно обезбедена.

### Приходи од обезбедување на услуги

Приходот од обезбедување на услуги се евидентира според степенот на завршување кога истиот може со сигурност да биде измерен. Степенот на завршување се одредува врз основа на проверка на извршената работа.

Признавање на приходите и расходите (продолжува)

### Приходи од наемнини

Приходи од наемнини на средства под оперативен наем се признаваат во добивките и загубите на правопропорционална основа во текот на наем периодот. Непредвидените наемнини, доколку ги има, се признаваат како интегрален дел од вкупните приходи од наемнини во текот на наем периодот.

### Донации

Приходите од донации почетно се признаваат како одложени приходи кога постои разумна сигурност дека тие ќе бидат примени и дека Друштвото ќе ги исполни условите поврзани со давањето на донацијата. Донациите кои претставуваат надомест на трошоци кои ги направило Друштвото се признаваат во добивките или загубите на систематска основа во периодот во кој трошоците се признаени. Донациите кои претставуваат надомест за набавна вредност на средства на Друштвото се признаваат во добивките или загубите на систематска основа пропорционално распоредени низ животниот век на средството.

### Финансиски приходи и трошоци

Финансиските приходи се признаваат на временска основа која го одразува ефективниот принос на средствата. Финансиските трошоци се состојат од трошоци за камата на обврските по позајмици и трошоци за камата на задоцнети плаќања. Трошоците за позајмици се признаваат во добивки или загуби со користење на методот на ефективна камата.

### Приходи од дивиденди

Приходот од дивиденди се признава кога ќе се обезбеди правото за примање на исплата.

### Расходи од деловното работење

Расходите од деловното работење се признаваат во моментот на искористувањето на услугите односно во периодот на нивното настанување..

## 2.16 Распределба на дивиденди

Распределбата на дивиденди на акционерите на Друштвото е евидентирана како обврска во финансиските извештаи во периодот кога тие се одобрени од Собранието на Акционери на Друштвото.

## 2.17 Превземени и неизвесни обврски

Не се евидентирани неизвесни обврски во финансиските извештаи. Тие се објавуваат доколку постои веројатност за одлив на средства кои вклучуваат економски користи. Исто така, неизвесни средства не се евидентирани во финансиските извештаи, но се објавуваат кога постои веројатност за прилив на економски користи. Износот на неизвесна загуба се евидентира како резервирање доколку е веројатно дека идните настани ќе потврдат постоење на обврска на денот на известување и кога може да се направи разумна проценка на износот на загубата.

## 2.18 Трансакции со поврзани субјекти

Поврзани субјекти се оние каде едниот субјект го контролира другиот субјект или има значајно влијание во донесувањето на финансиските и деловните одлуки на другиот субјект. Трансакциите на Друштвото со поврзани субјекти се однесуваат на трансакциите во редовниот тек на работењето.

## 2.19 Настани по датумот на известување

Настаните по завршетокот на годината кои обезбедуваат дополнителни информации во врска со состојбата на субјектот на денот на известување (настани за кои може да се врши коригирање) се рефлектирани во финансиските извештаи. Настаните по завршетокот на годината за кои не може да се врши коригирање се прикажуваат во белешките во случај кога се материјално значајни.

## 3 Управување со ризици

### 3.1 Фактори на финансиски ризици

Деловните активности на Друштвото се изложени на различни ризици од финансиски карактер, вклучувајќи кредитен ризик и ризиците поврзани со ефектите од промените во девизните курсеви и каматните стапки. Управувањето со ризици на Друштвото се фокусира на непредвидливоста на пазарите и се стреми кон минимализирање на потенцијалните негативни ефекти врз успешноста на деловното работење на Друштвото.

Управувањето со ризици на Друштвото го врши Одбор на Директори врз основа на претходно одобрени писмени политики и процедури кои го опфаќаат целокупното управување со ризици, како и специфичните подрачја, како што се ризикот од курсни разлики, ризикот од каматни стапки, кредитен ризик, употребата на вложувањата и пласманите на вишокот ликвидни средства.

### 3.2 Кредитен ризик

Кредитен ризик е ризик од финансиска загуба на Друштвото доколку корисникот или договорната страна на финансискиот инструмент не успее да ги исполни своите договорни обврски. Кредитниот ризик настанува од побарувања од купувачи, депозити во банки и парични средства и парични еквиваленти.

Изложеноста на Друштвото на кредитен ризик е под влијание од страна на индивидуални карактеристики на секој клиент. Друштвото има воспоставени политики, за да се осигура дека продажбата на стоки и услуги е извршена на корисници со соодветна кредитна историја, односно Друштвото има воспоставени политики според кои кредибилитетот на секој дилер и клиент со поголеми нарачки е анализиран пред потпишување на договорот, додека малопродажбата целосно е однапред планирана. Кај Друштвото не постои материјално значајна концентрација на кредитен ризик поради големиот број на клиенти и нивните различни профили кои се во различни индустрии и географски региони.

Максималната изложеност на Друштвото на кредитен ризик е ограничена на евидентираната вредност на финансиските средства признаени на датата на извештајот на финансиската состојба, кои се прикажани во следната табела (во 000 мкд):

| **Класи на финанс.средства - евидентирана вредност** | 2025<br>000 мкд | 2024<br>000 мкд |
|---|---|---|
| **Кредити и побарувања** | | |
| Финансиски побарувања | 147 | 360 |
| Побарувања од купувачи, нето | 19,309 | 15,622 |
| Побарувања од вработени | 232 | 67 |
| Парични средства и еквиваленти | 7,811 | 4,717 |
| | **27,499** | **20,766** |

### 3.3 Ризик од ликвидност

Претпазливо управување со ризик од ликвидност имплицира одржување на доволно готовина и ликвидни хартии од вредност, потоа расположливост на извори на средства преку соодветно обезбедување на кредити и можност за навремена наплата на износите на побарувања од купувачи во рамките на договорените услови. Како резултат на динамичниот карактер на дејноста на Друштвото, Раководството настојува да обезбеди флексибилни извори на средства преку расположливи кредитни линии.

Табелите во продолжение ја прикажуваат преостанатата договорена доспеаност на финансиските обврски на Друштвото. Табелите се подготвени врз основа на недисконтираните готовински текови на финансиските обврски (000 мкд).

| | 31 декември 2025 | | 31 декември 2024 | |
|---|---|---|---|---|
| | Тековни до 1 год. | Нетековни | Тековни до 1 год. | Нетековни |
| Обврски од добавувачи | 3,300 | - | 4,239 | - |
| Позајмици | 2,229 | 15,928 | 2,707 | 2,000 |
| | **5,529** | **15,928** | **6,946** | **2,000** |

## 3.4 Пазарни ризици

Пазарен ризик е ризик од промени во пазарни цени, курсевите на странските валути и каматните стапки кои имаат влијае на приходите на Друштвото или на вредноста на финансиските инструменти. Целта на управување со пазарен ризик е управување и контрола на изложеноста на пазарен ризик во прифатливи рамки и оптимизирање на поврат на средствата.

### Ризик од курсни разлики

Друштвото нема деловни активности на меѓународните пазари, и не е изложено на ризик од курсни разлики кој се јавува од изложеноста кон различни валути, посебно во однос на Еврото. Друштвото не користи инструменти за обезбедување од ризик од курсни разлики.

### Ризик од каматни стапки врз паричните текови и објективната вредност

Друштвото е изложено на ефектите на флуктуациите на пазарните каматни стапки врз неговата финансиска состојба и паричните текови. Раководството на Друштвото е во најголема мерка одговорно за дневно следење на состојбата на ризикот од нето каматни стапки и одредува лимити за намалување на потенцијалот од каматна неусогласеност. Постои значителна концентрација на позајмици со камата од локални финансиски институции на денот на известување. Флуктуациите во пазарните каматни стапки, според кои средствата се позајмени, може да имаат обратен ефект врз успешноста во финансирањето на Друштвото. Во исто време, Друштвото нема значителни пласирања на своите средства во орочени депозити и високо ликвидни хартии од вредност, кои носат дополнителен приход од камата.

| | 2025<br>(000 мкд) | 2024<br>(000 мкд) |
|---|---|---|
| **Финансиски средства** | | |
| *Некаматоносни* | | |
| Финансиски побарувања | 147 | 360 |
| Побарувања од купувачи, нето | 19,309 | 15,622 |
| Побарувања од вработени | 232 | 67 |
| Парични средства и еквиваленти | 7,811 | 4,717 |
| | **27,499** | **20,766** |
| **Финансиски обврски** | | |
| *Некаматоносни* | | |
| Обврски од добавувачи | 3,300 | 4,239 |
| Позајмици | 2,000 | 4,707 |
| | **5,300** | **8,946** |
| *Со варијабилна каматна стапка* | | |
| Позајмици со камата | 16,157 | - |
| | **21,457** | **8,946** |

## 3.5 Ризик при управување со капитал

Целите на Друштвото при управување со капиталот се овозможување на Друштвото да продолжи со своите деловни активности според принципот на континуитет со цел да обезбеди приход за акционерите и бенефиции за други заинтересирани лица, како и да одржи оптимална структура на капиталот со цел намалување на трошокот на капиталот.

Со цел да се одржи или прилагоди структурата на капиталот, Друштвото може да изврши корекција на износот на дивиденди исплатени на акционерите, да врати капитал на акционерите, да издаде нови акции или да продаде средства за да го намали долгот.

*Показател на задолженост*

Структурата на изворите на финансирање на Друштвото се состои од обврски, кои ги вклучуваат позајмиците обелоденети во Белешка 13, пари и парични еквиваленти и главнина, која се состои од уплатен капитал, ревалоризациони резерви, законски резерви и акумулирана добивка.

Раководството ја анализира структурата на изворите на финансирање на годишна основа како однос на нето обврските по позајмици во однос со вкупниот капитал. Нето обврските по кредити се пресметани како вкупни обврски по позајмици намалени за износот на паричните средства и паричните еквиваленти.

Ризик при управување со капитал (продолжува)

Показателот на задолженоста на крајот на годината е прикажан како што следи:

| | 2025 (000 мкд) | 2024 (000 мкд) |
|---|---|---|
| Позајмици | 18,157 | 4,707 |
| Парични средства и парични еквиваленти | (7,811) | (4,717) |
| Нето обврски | 10,346 | (10) |
| Капитал – вкупно | 152,751 | 142,852 |
| | **7%** | **н/п** |

## 3.6 Процена на објективна вредност

Објективна вредност претставува вредност за која едно средство може да биде заменето или некоја обврска подмирена под нормални комерцијални услови. Објективната вредност се одредува врз основа на претпоставка на раководството, зависно од видот на средството или обврската.

### 3.6.1 Финансиски средства и обврски евидентирани по објективна вредност

Во следната табела се прикажани финансиските средства измерени според објективната вредност во извештајот за финансиската состојба во согласност со хиерархијата на објективната вредност. Оваа хиерархија ги групира финансиски средства и обврски во три нивоа кои се базираат на значајноста на влезните податоци користени при мерењето на објективната вредност на финансиските средства. Хиерархијата според објективната вредност е одредена како што следи:

- Ниво 1: котирани цени (некорегирани) на активните пазари за идентични средства или обврски;
- Ниво 2: останати влезни податоци, покрај котираните цени, вклучени во Ниво 1 кои се достапни за набљудување за средството или обврската, или директно (т.е. како цени) или индиректно (т.е. изведени од цени); и
- Ниво 3: влезни податоци за средството или обврската кои не се базираат на податоци достапни за набљудување од пазарот.

Со состојба на 31 декември 2025 и 2024 година, Друштвото нема евидентирано финансиски средства по објективна вредност во Извештајот за финансиската состојба.

### 3.6.2 Финансиски инструменти кои не се евидентирани по објективна вредност

Сметководствената и објективната вредност на оние финансиски средства и обврски кои во Извештајот за финансиска состојба не се евидентирани според објективна вредност се прикажани во табелата подолу:

| | Евидентирана вредност | | Објективна вредност | |
|---|---|---|---|---|
| | 2025 | 2024 | 2025 | 2024 |
| **Средства** | | | | |
| Финансиски побарувања | 147 | 360 | 147 | 360 |
| Побарувања од купувачи, нето | 19,309 | 15,622 | 19,309 | 15,622 |
| Побарувања од вработени | 232 | 67 | 232 | 67 |
| Парични средства и еквиваленти | 7,811 | 4,717 | 7,811 | 4,717 |
| **Вкупни средства** | **27,499** | **20,766** | **27,499** | **20,766** |
| **Обврски** | | | | |
| Позајмици | 18,157 | 4,707 | 18,157 | 4,707 |
| Обврски од добавувачи | 3,300 | 4,239 | 3,300 | 4,239 |
| **Вкупни обврски** | **21,457** | **8,946** | **21,457** | **8,946** |

***Кредити и побарувања***

Кредитите и побарувањата се евидентираат по амортизирана набавна вредност намалена за резервирање поради оштетување. Нивната објективна вредност соодветствува на евидентираната вредност, поради нивната краткорочна достасаност.

Финансиски инструменти кои не се евидентирани по објективна вредност (продолжува)

***Останати финансиски средства***

Објективната вредност на монетарните средства што вклучуваат парични средства и еквиваленти се смета дека е приближна на нивната сметководствена вредност поради тоа што се со доспеаност помала од 3 месеци.

***Обврски спрема доверителите и обврски по кредити***

Сметководствената вредност на обврските спрема доверителите и обврските по кредити соодветствува на нивната објективна вредност, поради нивното краткорочно доспевање.

## 4 Значајни сметководствени проценки

При примената на сметководствените политики на Друштвото, опишани во Белешка 2 кон овие финансиски извештаи, од Раководството на Друштвото се бара да врши проценки и прави претпоставки за евидентираните износи на средствата и обврските кои не се јасно воочливи од нивните извори на евидентирање. Проценките и придружните претпоставки се засновуваат на минати искуства и други фактори, за кои се смета дека се релевантни. При тоа, фактичките резултати може да отстапуваат од таквите проценки.

Проценките и главните претпоставки се проверуваат тековно. Ревидираните сметководствени проценки се признаваат во периодот во кој истите се ревидирани доколку таквото ревидирање влијае само за или во тој период, како и за идни периоди, доколку ревидирањата влијаат за тековниот и идните периоди.

### Несигурност во проценките

### Обезвреднување кај нефинансиски средства

Загуби од обезвреднување се признаваат во износ за кој евидентираната вредност на средството или единицата што генерира готовина го надминува надоместливиот износ. При утврдување на надоместливиот износ, Раководството ги проценува очекуваните цени, готовинските текови од секоја единица што генерира готовина и утврдува соодветна каматна стапка при пресметка на сегашната вредност на тие готовински текови.

### Употребен век на средствата што се амортизираат

Раководството врши редовна проверка на употребниот век на средствата што се амортизираат на 31 декември 2025 година. Раководството проценува дека утврдениот употребен век на средствата ја претставува очекуваната употребливост (корисност) на средствата. Евидентираните вредности на овие средства се анализирани во Белешка 5 и 6. Фактичките резултати, сепак, може да се разликуваат поради технолошка застареност, посебно во делот на ИТ опремата и софтверите.

*Залихи*

Залихите се вреднувани по пониската помеѓу набавната и нето реализационата вредност. При оцена на нето реализационата вредност, Раководството ги зема во предвид најверодостојните податоци за секој датум на известување.

## 5 Недвижности, постројки и опрема

| | Земјиште и градежни објекти | Мебел и опрема | Инвестиции во тек и аванси | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | |
| На 01 јануари 2024 | **200,085** | **73,251** | **1,665** | **275,001** |
| Набавки, нето трансфер од инвестиции во тек | 1,017 | 10,116 | 4,891 | 16,024 |
| Продажби и расходувања | - | (181) | - | (181) |
| **На 31 декември 2024** | **201,102** | **83,186** | **6,556** | **290,844** |
| **Акумул.депрецијација** | | | | |
| На 01 јануари 2024 | **91,191** | **59,482** | **-** | **150,673** |
| Депрецијација | 5,735 | 4,552 | - | 10,287 |
| Продажби и расходувања | - | (176) | - | (176) |
| **На 31 декември 2024** | **96,926** | **63,858** | **-** | **160,784** |
| **Набавна вредност** | | | | |
| На 01 јануари 2025 | **201,102** | **83,186** | **6,556** | **290,844** |
| Набавки, нето трансфер од инвестиции во тек | 23,855 | 6,610 | (4,513) | 25,952 |
| Корекции | - | - | (378) | (378) |
| Продажби и расходувања | - | (55) | - | (55) |
| **На 31 декември 2025** | **224,957** | **89,741** | **1,665** | **316,363** |
| **Акумул.депрецијација** | | | | |
| На 01 јануари 2025 | **96,926** | **63,858** | **-** | **160,784** |
| Депрецијација | 6,277 | 3,929 | - | 10,206 |
| Продажби и расходувања | - | (54) | - | (54) |
| **На 31 декември 2025** | **103,203** | **67,733** | **-** | **170,936** |
| **Нето вредност** | | | | |
| **На 31 декември 2024** | **104,176** | **19,328** | **6,556** | **130,060** |
| **На 31 декември 2025** | **121,754** | **22,008** | **1,665** | **145,427** |

### Продажби и расходувања

Во текот на 2025 година, Друштвото расходува, на товар на тековните расходи, дел од опремата чија нето евидентирана вредност изнесува 5 илјади денари (види Белешка 20) (2024: 5 илјади денари).

### Инвестиции во тек и аванси

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Градежни објекти во подготовка-Спа центар | 1,630 | 1,630 |
| Продавница во изработка-цокла | 35 | 35 |
| Градежни објекти - здравство | - | 4,149 |
| Град.објекти-топл.изолација-подно греење | - | 300 |
| Град.објекти-електр, инсталација | - | 236 |
| Град.објекти-демонтажа и рушење на врати идр. Шут | - | 86 |
| Град.објекти-водов.инсталација | - | 80 |
| Град.објекти-деловии потр.материјал за инсталации | - | 40 |
| | **1,556** | **6,556** |

Залог

Со состојба на 31 декември 2025 и 2024 година, Друштвото нема залог врз своите материјални средства.

Со состојба на 31 декември 2022, согласно Решение за привремена мерка од Основен Кривичен Суд Скопје од 18 ноември 2020 година, Друштвото има привремена мерка – забрана за отуѓување, оптоварување, и давање под закуп на земјиште и градежни објекти со нето сметководствена вредност од 107,418 илјади денари. Со состојба на 31 декември 2023 година, согласно пресуда од Основен Кривичен Суд Скопје од 13 октомври 2023 година, привремената мерка се укинува.

## 6 Нематеријални средства

| ***Софтвер*** | **Наб.вредност** | **Акумул. амортизација** | **Нето вредност** |
|---|---|---|---|
| **На 01 јануари 2024** | **142** | **(141)** | **1** |
| **На 31 декември 2024** | **142** | **(142)** | **-** |
| | | | |
| **На 01 јануари 2025** | **142** | **(142)** | **-** |
| **На 31 декември 2025** | **142** | **(142)** | **-** |

## 7 Финансиски средства и обврски

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| **Финансиски средства** | | |
| ***Средства по амортизирана наб.вредност*** | | |
| Финансиски побарувања | 147 | 360 |
| Побарувања од купувачи, нето | 19,309 | 15,622 |
| Побарувања од вработени | 232 | 67 |
| Парични средства и еквиваленти | 7,811 | 4,717 |
| | **27,499** | **20,766** |
| **Финансиски обврски** | | |
| ***Обврски по аморт. набавна вредност*** | | |
| Обврски спрема добавувачи | 3,300 | 4,239 |
| Позајмици | 18,157 | 4,707 |
| | **21,457** | **8,946** |

## 8 Финансиски побарувања

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Безкаматен депозит во НЛБ Банка | 147 | 360 |
| Краткорочни безкаматни позајмици на дом.правни лица | - | 11,252 |
| | **147** | **11,612** |
| Намалено за: резервирање поради обезвреднување | - | (11,252) |
| | **147** | **360** |

## 9 Залихи

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Ситен инвентар | 95 | 100 |
| Материјали | 94 | 104 |
| Стоки во магацин | 882 | 959 |
| | **1,071** | **1,163** |

## 10 Побарувања од купувачи и останати побарувања

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| **Побарувања од купувачи** | | |
| Домашни купувачи | 20,273 | 16,637 |
| | **20,273** | **16,637** |
| Намалено за: резервирање поради обезвреднување | (1,015) | (1,015) |
| | **19,258** | **15,622** |
| **Останати тековни побарувања** | | |
| Однапред платени трошоци | 1,317 | 1,082 |
| Побарувања од вработени | 232 | 67 |
| Побарување за дадени аванси | 142 | 211 |
| Побарувања за даноци | 63 | 63 |
| Побарувања по основ на парични средства од Еуростандард Банка АД, Скопје – во стечај | 35 | 35 |
| Побарувања по основ на парични средства од Македонска Банка АД, Скопје – во стечај | 3 | 3 |
| | **1,792** | **1,461** |
| Исправка на вредност на побарувања по основ на парични средства од Еуростандард Банка АД, Скопје – во стечај | **(35)** | **(35)** |
| | **1,757** | **1,425** |
| | **21,015** | **17,047** |

Промените во сметката за резервирање на побарувања од купувачи поради оштетување за тековниот известувачки период е како што следи:

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| На 1 јануари | 1,015 | 1,020 |
| Наплатени отпишани побарувања | - | - |
| Отпис на резервирани ненаплатливи побарувања | - | (5) |
| **На 31 декември** | **1,015** | **1,015** |

### Старосна структура и квалитет на портфолиото на побарувањата

Салдото на побарувањата од купувачите на 31 декември 2025 и 2024 може да се анализира според следниве категории на кредитен ризик:

| **31 декември 2025** | Недоспеани неоштетени | Доспеани неоштетени | Оштетени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Набавна вредност | 17,058 | 2,200 | - | 19,258 |
| Исправка на вредност | - | - | - | - |
| **Нето евидентирана вредност** | **17,058** | **2,200** | **-** | **19,258** |

| **31 декември 2024** | Недоспеани неоштетени | Доспеани неоштетени | Оштетени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Набавна вредност | 12,564 | 3,058 | - | 15,622 |
| Исправка на вредност | - | - | - | - |
| **Нето евидентирана вредност** | **12,564** | **3,058** | **-** | **15,622** |

Побарувања од купувачи и останати побарувања (продолжува)

Анализата на старосната структура на доспеаните неоштетени побарувања од купувачи со состојба на 31 декември 2025 и 2024 година е како што следи:

| **31 декември 2025** | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| До 1 месец | 510 | 1,327 |
| Од 1 - 4 месеци | 583 | 980 |
| Од 4 - 12 месеци | 667 | 445 |
| над 1 година | 440 | 306 |
| | **2,200** | **3,058** |

Во текот на 2025 година, Друштвото нема извршено отпис на целосно ненаплатливи побарувања на товар на расходите (2024: 5 илјади денари).

### Побарувања по основ на парични средства од Еуростандард Банка АД, Скопје – во стечај

Во текот на 2020 година, Друштвото ги пријави своите побарувања за парични средства во стечајната маса на Еуростандард Банка АД, Скопје - во стечај во износ од 3,096 илјади денари и за истите призна резервирањето поради обезвреднување на паричните средства признаено на товар на расходите на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2020, како и финансиските побарувања по краткорочни депозити во износ од 10 илјади денари.

Во текот на 2022 година, врз основа на известување од Еуростандард Банка АД во стечај од 16 септември 2021 година, Друштвото затвори дел од позајмицата во износ од 931 илјади денари (Бел 13) со пребивање на побарувањата по основ на парични средства во износ од 921 илјади денари и финансиски побарувања во износ од 10 илјади денари (Бел 8).

Со состојба на 31 декември 2022 година, согласно Пресуда од апелациониот суд Скопје од 12 јануари 2023 година, се потврдува дека Друштвото од тужениот Еуростандард Банка АД Скопје – во стечај по спор во вредност од 3,106 илјади денари има вкупно побарување во износ од 3,071 илјади денари, односно по пребивањето на позајмицата во износ од 931 илјади денари, вкупното побарување изнесува 2,140 илјади денари, додека 35 илјади денари се неосновано побарување.

Следствено, Друштвото направи ослободување на резервација по основ на парични средства во износ од 921 илјади денари и финансиски побарувања во износ од 10 илјади денари или вкупно 931 илјади признати во останати приходи, по основ на известувањето за пребивање.

Додека, врз основ на Пресудата од апелациониот суд направи дополнително ослободување на резервацијата во износ од 2.140 илјади денари. Вкупниот износ на ослободување на резервацијата признат во останати приходи изнесува 3,071 илјади денари. (бел.17). Во 2023 година, согласно решение од Граѓански Суд Скопје од 10 јули 2023, Друштвото направи пребивање на вкупното побарување во износ од 2,140 илјади денари со позајмицата (бел 13).

Промените во сметката за резервирање на побарувања по основ на парични средства од Еуростандард Банка АД, Скопје – во стечај за тековниот известувачки период е како што следи:

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| На 1 јануари | 35 | 35 |
| **На 31 декември** | **35** | **35** |

## 11 Парични средства и еквиваленти

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Денарски сметки кај домашни банки | 7,690 | 4,596 |
| Парични средства во благајна | 121 | 121 |
| | **7,811** | **4,717** |

## 12 Капитал

### Акционерски капитал

Со состојба на 31 декември 2025 и 31 декември 2024 година, согласно Тековната состојба од Централен Регистар на Република Северна Македонија акционерскиот капитал на Друштвото изнесува 61,293 илјади денари. Истиот е поделен на 100,000 запишани и во целост платени обични акции со право на глас со номинална вредност од 10 Евра по акција. Структурата на акционерскиот капитал на датумите на известување е како што следи:

| | 31 декември 2025 | 31 декември 2024 |
|---|---|---|
| Домашни правни и физички лица | 15.06% | 15.06% |
| Странски правни лица | 84.94% | 84.94% |
| | **100.00%** | **100.00%** |

Со состојба на 31 декември 2025 и 31 декември 2024 година, согласно акционерската книга на Друштвото, врз 84.94% акции (84.94% од вкупниот акционерски капитал) сопственост на мнозинскиот акционер ГОФИ Груп Швајцарија, определена е, со Решение за привремена мерка на Основниот Кривичен Суд Скопје од 18 ноември 2020 година, времена мерка – ограничување отуѓување или располагање со хартиите од вредност, како и ограниченото дејство кое се однесува на: нетрговски пренос од и на сметка, право на дивиденда, продавање, оптоварување, нетрговски пренос на сметка, права на глас, купување, располагање. Врз 9,860 акции (9.86% од вкупниот акционерски капитал) сопственост на домашно физичко лице, определена е, со решение на Основниот Кривичен Суд во Скопје, времена мерка – ограничување за отуѓување или располагање со хартиите од вредност, како и ограниченото дејство кое се однесува на: оптоварување, нетрговски пренос од сметка, продавање, нетрговски пренос на сметка, купување, располагање.

### Резерви

Движењето на сметката на резервите во текот на 2025 и 2024, година е како што следи:

| | Законски резерви | Резерви за Реинвестирање | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **На 31 декември 2024** | **6,135** | **38,058** | **44,193** |
| **На 31 декември 2025** | **6,135** | **38,058** | **44,193** |

## 13 Позајмици со камата

| **Долгорочни позајмици** | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| **Позајмици со камата од физичко лице** (безкаматна, рок на враќање 07.12.2026) | 2,000 | 4,400 |
| НЛБ АД, Скопје, 10,000,000 МКД, каматна стапка 3.56% п.а., рок на враќање 31.12.2032 | 8,690 | - |
| НЛБ АД, Скопје, 8,000,000 МКД, каматна стапка 3.50% п.а., рок на враќање 29.04.2035 | 7,467 | - |
| Намалено за: тековно доспевање | (2,229) | (2,400) |
| **Долгорочен дел на долгорочни позајмици** | **15,928** | **2,000** |
| | | |
| **Краткорочни позајмици** | | |
| **Позајмици со камата од поврзан субјект** | | |
| ГОФИ ДООЕЛ Скопје, безкаматна, рок на враќање 08.10.2025 | - | 307 |
| **Позајмици со камата од домашна банка - поврзан субјект** | | |
| Тековен дел на долгорочни позајмици | 2,229 | 2,400 |
| | **2,229** | **2,707** |
| **Вкупно позајмици** | **18,157** | **4,707** |

Позајмици со камата (продолжува)

Во текот на 2022 година, врз основа на известување од Еуростандард Банка АД во стечај од 16 септември 2021 година, Друштвото затвори дел од позајмицата во износ од 931 илјади денари со пребивање на побарувањата (Бел 10). Согласно Решение од Граѓански Суд Скопје од 10 јули 2023, Друштвото направи пребивање на дел од позајмицата во износ од 2,140 илјади денари со вкупното побарување (бел 10), додека остатокот од 2,064 илјади денари се вратени на сметката на Еуростандард Банка АД во стечај согласно добиено Известување .

## 14 Обврски кон добавувачи и останати обврски

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| **Добавувачи** | | |
| Домашни добавувачи | 3,300 | 4,239 |
| | **3,300** | **4,239** |
| **Останати тековни обврски** | | |
| Обврски за концесии | 709 | 483 |
| Обврски за дивиденда | 185 | 185 |
| Примени аванси | 48 | 7 |
| Останати обврски (ддв ,длд,и др даноци) | 321 | 874 |
| | **1,263** | **1,549** |
| **Вкупно обврски** | **4,563** | **5,788** |

## 15 Приходи од продажба

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Приходи од здравствени услуги | 89,241 | 78,436 |
| Приходи од хотелски услуги | 13,900 | 25,835 |
| Приходи од угостителски услуги | 26,309 | 15,061 |
| Останато | 1,806 | 1,780 |
| | **131,256** | **121,112** |

## 16 Останати деловни приходи

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Приходи од наплатени кауции | 285 | - |
| Приход од надомест на штета | 158 | 213 |
| Рабат | 191 | 201 |
| Приход од наплата на судски одлуки | - | 14 |
| Приход од наплатени отпишани побарувања | - | 10 |
| | **634** | **438** |

## 17 Потрошени материјали

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Потрошени суровини и материјали | 29,271 | 27,870 |
| Потрошена енергија | 5,974 | 7,074 |
| Потрошено гориво | 789 | 657 |
| Отпис на ситен инвентар | 425 | 270 |
| | **36,459** | **35,871** |

## 18 Услуги од надворешни добавувачи

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Комунални услуги | 1,484 | 1,087 |
| Услуги за одржување | 1,063 | 1,419 |
| Телекомуникациски услуги | 732 | 729 |
| Услуги за реклама и пропаганда | 200 | 47 |
| Останати услуги | 91 | 396 |
| | **3,570** | **3,678** |

## 19 Трошоци на вработени

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Нето плати | 34,650 | 33,790 |
| Персонален данок и задолжителни придонеси | 17,128 | 16,711 |
| Надомест за исхрана | 1,722 | 1,689 |
| Регрес за годишен одмор | 1,932 | 1,789 |
| Останати надоместоци | 394 | 662 |
| | **55,826** | **54,641** |

## 20 Останати деловни трошоци

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Интелектуални услуги | 5,424 | 4,363 |
| Надомест за користење на води | 3,325 | 2,329 |
| Банкарски трошоци | 784 | 658 |
| Трошоци за осигурување | 575 | 452 |
| Данок на имот | 254 | 254 |
| Репрезентација | 179 | 157 |
| Кало растур | 5 | 13 |
| Кусоци од попис | 3 | 2 |
| Неотпишана вред. на расход недвиж., постр. и опр.(Бел.5) | 1 | 5 |
| Трошоци за обезбедување | - | 108 |
| Останати трошоци | - | 177 |
| | **10,980** | **8,517** |

## 21 Финансиски приходи и расходи

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Приходи од казнени камати | - | 10 |
| | **-** | **10** |
| **Расходи** | | |
| Расходи од камати | (654) | (1) |
| Негативни курсни разлики | (5) | |
| | **(659)** | **(1)** |
| **Нето финансиски (расходи)** | **(659)** | **(9)** |

## 22 Данок на добивка

Усогласувањето на данокот на добивка според Извештајот за сеопфатнатата добивка е како што следи:

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Добивка пред оданочување | 9,899 | 4,491 |
| ***Усогласување за:*** | | |
| Непризнаени расходи за даночни цели од тековната година | 231 | 207 |
| **Даночна основа** | **10,130** | **4,698** |
| Намалување на даночна основа | (10,130) | (4,698) |
| Даночна стапка | 10% | 10% |
| **Данок на добивка за годината** | **-** | **-** |
| *Ефективна даночна стапка* | - | - |

## 23 Заработувачка по акција

Заработувачката по акција (основна и разводнета) е пресметана по пат на делење на добивката која припаѓа на имателите на обични акции со просечен број на обични акции во оптек во текот на годината.

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Добивка која припаѓа на имателите на обични акции | 9,899 | 4,491 |
| Просечен број на обични акции во оптек | 100,000 | 100,000 |
| **Добивка по акција – основна и развод. (мкд по акција)** | **99** | **45** |

## 24 Неизвесни и превземени обврски

### Судски спорови

Со состојба на 31 декември 2025 и 31 декември 2024, нема судски постапки покренати против Друштвото. На датумот на овие финансиски извештаи, не се евидентирани било какви резервирања од потенцијални загуби по основ на судски спорови. Раководството на Друштвото, редовно ги анализира можните ризици од загуби по основ на тековните судски спорови.

### Заложени средства

Со состојба на 31 декември 2025 и 2024 година, Друштвото нема средства дадени во залог на примените позајмици.

### Даночни обврски

Финансиските извештаи и сметководствената евиденција на Друштвото подлежат на даночна контрола од страна на даночните власти во периодот од 5 години по поднесувањето на даночниот извештај за финансиската година и можат да произлезат дополнителни даноци и трошоци. Врз основа на проценката на Раководството на датумот на известување не постојат услови за дополнителни потенцијални обврски по тој основ.

## 25 Трансакции со поврзани субјекти

Следната табела ги прикажува обемот и салдата од трансакциите со поврзаните субјекти со состојба на и за годините кои завршуваат на 31 декември 2025 и 2024 година.

| | Побарувања | Обврски | Приходи | Расходи, набавки и инвестиции |
|---|---|---|---|---|
| **2025** | | | | |
| ГОФИ Груп Швајцарија – мнозин.акционер | - | - | - | - |
| *Останати поврзани* | | | | |
| ГОФИ Дооел, Скопје | - | - | - | 162 |
| Култура АД, Скопје | - | - | - | 2 |
| Физичко лице | | 2,000 | | |
| Надомести на клучен раководен кадар | - | - | - | 1,856 |

Трансакции со поврзани субјекти
(продолжува)

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2024** | | | | |
| ГОФИ Груп Швајцарија - мнозин.акционер | - | 307 | - | - |
| *Останати поврзани* | | | | |
| ГОФИ Дооел, Скопје | - | 2 | - | - |
| Култура АД, Скопје | - | - | 14 | 39 |
| Физичко лице | | 4,400 | | |
| Надомести на клучен раководен кадар | - | - | - | 1,730 |

## 26 Настани по датумот на известување

По 31 декември 2025 година - датумот на известувањето, до денот на одобрувањето на овие финансиски извештаи, нема настани кои би предизвикале корекција во овие финансиски извештаи. Следниот настан е материјално значаен за објавување во овие финансиски извештаи:

Воениот конфликт на Блискиот Исток се интензивираше по датумот на известување, нарушувајќи ги клучните поморски правци, вклучително и теснецот Хормуз и зголемувајќи ја неизвестноста во глобалните енергетски синџири на снабдување и цените на нафта и нафтени деривати. Овие случувања го зголемуваат ризикот од прекини во снабдување и зголемувањето на цените на горивата релевантни за работењето на Друштвото.

Во согласност со МСФИ 10 – Настани по датумот на известување, Раководството оцени и утврди дека ескалацијата не е поврзана со услови што постоела на датумот на изестување, затоа овој настан е неприлагодувачки настан по датумот на известување. Не се направени измени на износите признаени во овие финансиски извештаи.

Раководството продолжува да ги следи можните влијанија врз идните периоди, вклучително: пазарните промени што може да влијаат врз маржите и ценовните политики; оперативни и ризици за средства, вклучувајќи можни индикатори за обезвреднување; кредитен ризик на клиентите како резултат на финансиски притисоци врз транспортните операции и повисоките цени на горивата.

Поради тековната неизвесност околу траењето и интензитетот на конфликтот, финансиското влијание се уште не може со сигурност да се процени. Раководството не идентификува настани што би ја загрозиле способноста на Друштвото да продолжи со работење на основа на претпоставка за прекинато работење.

# Прилози

# Прилог 1 - Годишна сметка со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2025

# Прилог 2 - Годишен извештај за работењето со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2025

© 2026 Грант Торнтон ДОО. Сите права се задржани..

‘Grant Thornton’ се однесува на брендот под кој фирмите членки на Grant Thornton обезбедуваат услуги на уверување, даночни и консултантски услуги на своите клинети и/или се однесува на една или повеќе фирми членки во смисла на соодветниот контекст. Grant Thornton International Ltd (GTIL) и фирмите членки не се во партнерство на светско ниво. GTIL и секоја фирма членка на GTIL претставува посебен правен субјект. Услугите се обезбедуваат од страна на самите фирми членки. GTIL не обезбедува услуги на клиентите. GTIL и нејзините фирми членки не се агенти на, и не се обврзани едни кон други и не се одговорни за дејствијата или пропустите на други фирми членки.